11.02.2025
09 - 229/1

# Извештај за работата на Одборот за евалуација на високото образование за периодот 01.07.2024 – 31.12.2024

| 1. Правна рамка |
| --- |
| • Одборот за евалуација (ОЕ) врз основа на Законот за високото образование (Службен Весник бр.82. од 08.05.2018), Деловникот за работа на Одборот за евалуација и Извештајот на комисиите за евалуација на високообразовните установи, ја следи дејноста на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и решение за почеток со работа.<br>• Го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручната работа на академскиот кадар на високообразовните установи, а посебно на нивните студиски програми најмалку на секои пет години и врз основа на тоа му предлага на Одборот за акредитација да ја продолжи или одземе акредитацијата.<br>• Предлага Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација до Националниот совет за високо образование.<br>• Дава препораки потребни за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност.<br>• Врши и други работи согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.<br>• Врши и други работи утврдени со Закон.<br>• Одборот за евалуација на секои шест месеци доставува извештај за својата работа до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. Образецот за извештајот го пропишува министерот надлежен за работите на високото образование. Извештајот задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет и на веб страната на министерството надлежно за работите на високото образование. |
| 2. Состав на Одборот за евалуација |
| **Шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Северна Македонија избрани со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција:**<br>проф. д-р Димитар Ташковски, проф. д-р Мила Арапчевска, Проф. д-р Ебрар Ибраими, проф. д-р Срѓан Миќиќ, проф. д-р Душко Мукаетов<br>Со одлука на Интеруниверзитетската конференција од 29.09.2024 и 26.11.2024 нови членови на Одборот за евалуација се и проф.д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова и проф. д-р Климе Белевски (на местото на проф. д-р Душко Мукаетов)<br>**Шест члена именувани од Владата на Република Северна Македонија, од редот на професорите во работен однос на јавните универзитети во Република Северна Македонија:**<br>проф. д-р Боро Џонов, проф. д-р Татјана Стојановска Иванова, проф. д-р Ирина Јолдеска, проф. д-р Христина Спасевска, проф. д-р Ведије Раткоцери, проф. д-р Сузана Алиу<br>**Еден член именуван од најрепрезентативната организација на работодавачи:**<br>Светлана Ристовска Антиќ (Организација на работодавачи во Македонија).<br>**Еден член именуван од Македонската академија на науките и уметностите:** |

| |
|---|
| Академик Владо Камбовски.<br>**Еден член избран од редот на студентите избран од Интеруниверзитетска конференција:**<br>Филип Ристески |
| 3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација |
| Професорот Мишо Докмановиќ беше ангажиран за организација и реализација на обуката за странските експерти и за членовите на Одборот за евалуација. |
| 4. Краток преглед за општата оценка за периодот 01/07/2024-31/12/2024 |
| Во текот на извештајниот период, Одборот за евалуација беше посветен на обезбедување на минималните услови неопходни за започнување на процесот на надворешна евалуација. Членовите на Одборот се свесни дека недоволна подготовка може негативно да влијае врз евалуаторите и текот на самиот процес.<br><br>По усвојувањето на годишниот план за надворешна евалуација на високообразовните институции, Одборот, во соработка со Директоратот на Агенцијата за квалитет во високото образование, и поддршка на Министерството за образование, активно работеше на подготовката на потребните услови за спроведување на евалуацијата. Во таа насока, беше организиран превод на англиски јазик на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, а истовремено беше ангажиран и надворешен експерт за спроведување на обука за членовите на Одборот и за странските експерти. Претходно, Одборот го утврди концептот и форматот на обуката, која подоцна беше успешно организирана и реализирана од проф. д-р Мишо Докмановиќ. На обуката присуствуваа сите тогашни членови на Одборот за евалуација, како и 26 странски експерти.<br><br>Агенцијата за квалитет во високото образование ја пушти во употреба новата веб-страница кон крајот на 2024 година, по што беше објавен јавниот повик за ангажирање странски експерти и студенти за 2024 година. Повикот беше објавен на веб-страницата на ENQA и дистрибуиран до голем број универзитети, главно преку експертите кои веќе се наоѓаат на листата на странски експерти.<br><br>Интересот за повикот беше значителен, при што се пријавија повеќе од 40 кандидати. Иако процесот на евалуација сè уште е во тек, првичните согледувања покажуваат дека значаен број од кандидатите не ги исполнуваат дефинираните услови. Одборот ќе изготви извештај за резултатите од јавниот повик и, доколку е потребно, ќе предложи измени во критериумите за идните повици.<br><br>Кадровските ресурси во Агенцијата за квалитет во високото образование остануваат значаен предизвик, особено во однос на обезбедувањето поддршка за Одборот за евалуација во процесот на надворешна евалуација. Членовите на Одборот сметаат дека недостатокот на кадар може негативно да влијае не само врз спроведувањето на евалуацијата, туку и врз целиот систем за обезбедување квалитет во високото образование во Република Северна Македонија. Тие апелираат до надлежните институции да обезбедат соодветно кадровско зајакнување на АКВО.<br><br>И покрај овие предизвици, Одборот констатира дека се исполнети минималните услови за отпочнување на процесот на надворешна евалуација. Официјалниот почеток е планиран за почетокот на 2025 година, со формирање на стручните комисии и известување на високообразовните институции што ќе бидат опфатени со евалуацијата.<br><br>Со цел да се обезбеди непречен старт, членовите на Одборот ќе преземат и одредени административни активности што би требало да се во надлежност на службите на АКВО. Сепак, ова решение е привремено и не ја гарантира долгорочната одржливост на процесот на надворешна евалуација. |

5. Краток преглед за наредниот период 01/01/2025- 30/06/2025

Главните активности во наредниот период ќе бидат насочени кон отпочнување на процесот на надворешна евалуација. Во таа насока, се планираат следниве чекори:

- Евалуација на пристигнатите апликации во врска со распишаниот јавен повик за ангажирање на странски експерти и студенти за 2024.
- Формирање на стручни комисии за спроведување на надворешна евалуација на шест високообразовни установи во РС Македонија.
- Известување и посети на единиците кои ќе бидат предмет на надворешна евалуација, со цел да се подготват за претстојниот процес.
- Разгледување и евалуација на доставените материјали од страна на стручните комисии при Одборот за евалуација.
- Во месец мај 2025 се планираат посети на високообразовните установи од страна на стручните комисии.
- Подготвување извештаи и давање оценка за извршената надворешна евалуација од страна на стручните комисии, како и поднесување на извештаите на усвојување од страна на Одборот за евалуација на високото образование.
- Анализа на процесот и донесување препораки за негово подобрување, доколку се утврди потреба.
- Повторување на процесот со формирање нови стручни комисии во вториот квартал од 2025 година.
- Објавување на јавниот повик за избор на странски експерти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовни установи и студиски програми во РС Македонија за 2025 година, како и јавниот повик за избор на студенти кои ќе учествуваат во овој процес
- Континуирана соработка со релевантните чинители кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на високото образование.

Членовите на Одборот за евалуација се надеваат дека во престојниот период Агенцијата за квалитет на високото образование ќе се доекипира со соодветен кадар и ќе може да обезбеди сериозна техничка поддршка за процесот на надворешна евалуација на високообразовните установи и нивните студиски програми.

6. Организација на работата

Организацијата на работата на Одборот за евалуација е подетално регулирана со Деловникот за работа. Во изминатиот шестмесечен период, Одборот за евалуација одржа вкупно осум редовни седници, како и неколку дополнителни седници на комисии и работни групи, формирани според потребите. Тековните активности на Одборот за евалуација се прикажани хронолошки во продолжение, согласно дневниот ред на одржаните седници во периодот од 1 јули до 31 декември 2024 година.

**7 Седница** Одборот за евалуација го усвои Годишниот план за евалуација на високообразовните институции. При неговото дефинирање, беше земена предвид расположливоста на надворешните експерти со цел формирање на комисии за спроведување на надворешната евалуација, како и обезбедување на потребните финансиски средства за покривање на трошоците за евалуација.

**8 Седница** Се формира комисија за изготвување на шестмесечниот извештај за работата на Одборот за евалуација и се разгледа дописот од Одборот за акредитација со кој се бара надворешна евалуација на одредени високообразовни установи. Согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, Одборот за евалуација, како посебно тело во состав на Агенцијата за квалитет во високото образование, подготвува годишен план за работа според кој се спроведува надворешната евалуација. Дополнително, согласно истиот правилник, ОЕ

може да врши надворешна евалуација и врз основа на барање од Националниот совет, високообразовна установа или министерот надлежен за високото образование.

**9 Седница** Беше разгледан извештајот за работата на ОЕ за периодот од 02.04 до 30.06, односно од формирањето на новиот состав на Одборот. Во извештајот беше ставен посебен акцент на предизвиците кои треба да се надминат за да започне процесот на надворешна евалуација. Меѓу главните предизвици се: превод на обрасците за надворешна евалуација, организирање на обука за членовите на ОЕ, екипирање на АКВО со координатори за секое од соодветните научно-истражувачки подрачја.

Извештајот ги истакна потребните чекори за успешно спроведување на процесот и значењето на оптимизирање на ресурсите за поддршка на надворешната евалуација.

**10 Седница** Согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, на оваа седница беше утврден концептот и форматот на обуката за членовите на Одборот за евалуација и на странските експерти.

**11 Седница** Разгледано е барањето поднесено од Министерката за образование и наука за спроведување евалуација на три високообразовни установи во најкус можен рок. Одборот заклучи дека е подготвен да одговори на барањето, но нагласи дека за почеток на процесот треба да бидат исполнети одредени услови, кои се обврска на Агенцијата за квалитет на високото образование.

Во врска со ова прашање е одржан разговор со директорот на АКВО, кој информираше дека се обезбедени финансиски средства за почеток на евалуацијата. Одборот за евалуација на високото образование ќе го отпочне процесот веднаш по завршувањето на останатите неопходни активности од страна на АКВО.

Реално е да се очекува дека првите евалуации ќе бидат спроведени на почетокот на наредната година.

**12 Седница** Разгледани се активностите на АКВО во врска со процесот на надворешна евалуација. Констатирано е дека Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација е даден на превод, веб-страницата на АКВО е пуштена во употреба, а обезбеден е и експерт за организација и реализација на обуката за членовите на Одборот за евалуација и за странските експерти.

Дополнително, се работи на регистрација на АКВО во системот за јавни набавки, со цел да се овозможи реализација на неопходните набавки, вклучувајќи авионски карти и сместување за странските експерти.

**13 Седница** Разгледана е англиската верзија на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација. Претседателот информираше дека обуката за членовите на Одборот за евалуација и надворешните експерти ќе се одржи на 18.12.2024 година. Дополнително, беше истакнато дека околу 25 надворешни експерти од постојната листа ја прифатиле поканата и ќе учествуваат на обуката. Исто така, до крајот на годината е планирано објавување на конкурсот за ангажирање нови надворешни експерти и студенти за 2024 година.

**14 Седница** Извршена е анализа на потребните услови за започнување на процесот на надворешна евалуација. Со успешно реализираната обука за странските експерти и членовите на Одборот за евалуација, исполнети се минималните услови за официјален почеток на процесот.

Сепак, значаен предизвик останува недостатокот на вработени во Агенцијата за квалитет, кои се неопходни за обезбедување техничка поддршка. Членовите на Одборот ќе преземат дел од нивните обврски, но ова решение е привремено и не ја гарантира долгорочната одржливост на процесот на надворешна евалуација.

7. Преглед на финансиското работење

Финансиското работење на ОЕ е регулирано со Одлуката за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на одборот за евалуација на

| |
|---|
| високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа. Оваа одлука е донесена од Владата на Република Северна Македонија и е објавена во Службен весник на РСМ, бр. 269/21 од 03.12.2021 година.<br><br>Во овој извештаен период, финансиското работење на Одборот се однесува исклучиво на исплатата на редовните месечни надоместоци за членовите. За осумте одржани седници во извештајниот период, вкупниот износ што треба да се исплати на членовите на ОЕ изнесува 264.000 денари. |
| 8. Разгледувани и усвоени прописи |
| На 13-тата седница на Одборот за евалуација беше разгледана и усвоена англиската верзија на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација. |
| 9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ESG2015 |
| Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, кој на предлог на Одборот за евалуација го донесе Националниот совет е целосно усогласен со Стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високо образование (*Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area* или ESG, 2015). Овој правен акт е основа за вршење на надворешна и внатрешна евалуација на високообразовните установи во РС Македонија, во кој поблиску се опишани стандардите и насоките за спроведување на евалуацијата. |
| 10. Систем за обезбедување на квалитет |
| 10.1 Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет |
| Согласно член 21 од Деловникот за работа, Одборот за евалуација на високото образование врши самоевалуација на својата работа на секои две години. Следствено, самоевалуација на работата на ОЕ ќе се спроведе во почетокот на 2026 година |
| 10.2 Надворешна проверка на работата |
| Процесот на надворешна проверка на работата на Одборот за евалуација, додека не се предвиди поинаку, се врши на овој начин со изготвување на полугодишни извештаи за работата на Одборот, кои се доставуваат до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. РСМ сеуште е придружна членка на ENQA, а со полноправното учество на нашата држава во оваа европска асоцијација, обврската за надворешна проверка на работата на Одборот, ќе се реализира согласно европските стандарди и регулативи. |
| 11. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за продолжување на акредитации на студиски програми |
| Одборот за евалуација, во извештајниот период, нема извршено надворешна евалуација на ВОУ и студиски програми. Оттука, Одборот за евалуација нема доставено предлози за продолжување на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација во овој извештаен период. |
| 12. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за одземање на акредитации на студиски програми |
| Одборот за евалуација во овој извештаен период нема доставено предлози за одземање на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација, од причина наведена во точка 11. |
| 13. Оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност |
| Одборот за евалуација во овој извештаен период нема дадено оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност на ВОУ во Република Северна Македонија, од причина наведена во точка 11. |

| |
|---|
| 14. Оценка за квалитетот на уметничката и стручната работа |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на изведувањето на уметничката и стручната работа на кадарот на ВОУ во овој извештаен период, од причина наведена во точка 11. |
| 15. Оценка за релеватноста и квалитетот на научните истражувања |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за релевантноста и квалитетот на научните истражувања во овој извештаен период, од причина наведена во точка 11. |
| 16. Оценка на квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови на високообразовните установи, од причина наведена во точка 11. |
| 17. Оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма. Причините се наведени во континуитет, во погоре наведените точки. |
| 18. Оценка за системите и постапките за самоевалуација и релеватноста на студентските анкети |
| Заради неможноста да се формираат стручните комисии, не се разгледувани и анализирани постапките за самоевалуација и студентските анкети. |
| 19. Дадени препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност или дадени други препораки поврзани со делокругот на работа |
| Стручните комисии сеуште не се формирани со што не се создадени услови да се дадат конкретни препораки по извршена евалуација. |
| 20. Оценка за наодите за оценувањата, нивната примена и релевантност, за постигнувањето на резултатите од учењето на студентите кои ги применуваат високообразовните или научните установи |
| Одборот за евалуација не пристапи кон оценувања на постигањата на резултатите од учењето на студентите заради неможноста да се исполнат условите предвидени во Законот за високото образование. |
| 21. Разгледувани жалби и постапките по нив |
| Во Одборот за евалуација во изминатиот период не се водени постапки по жалби. |

| |
|---|
| 22. Обуки за членовите на Одборот |
| Обуката за членовите на Одборот за евалуација се реализираше на 18.12.2024 година, при што присуствуваа 14 членови на Одборот. |
| 23. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација |
| Обуката за надворешните експерти се реализираше исто така на 18.12.2024. На истата присуствуваа 26 од 29-те надворешни експерти на ОЕ. |
| 24. Учества на конференции/состаноци |
| Претседателот и потпретседателката на Одборот учествуваа на Меѓународната конференција "Driving Excellence: Aligning Quality Assurance Policies with Institutional Strategy and Stakeholder Engagement" што се одржа на 24 Септември 2024, во Приштина, |

| |
|---|
| организирана од Агенцијата за акредитација на Косово. |
| 25. Посети на делегации |
| / |
| 26. Остварена соработка |
| / |
| 27. Издавачка дејност |
| / |
| 28. Состојба со мрежната страница на Одборот |
| Службата на АКВО е одговорна за одржување на мрежната страница http://www.akvo.mk. Истата беше ставена во функција кон крајот на 2024 година. Веднаш штом беше активна беа објавени јавните повици за ангажирање на странски експерти и за студенти за 2024. |
| 29. Разгледувани документи и тематски анализи |
| / |
| |
| Претседател на Одборот за евалуација |
| |
| Скопје 05.02.2025 Проф. д-р Димитар Ташковски |
| |